# *ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2025 ГОДИНА*

за работата на Националното здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза – Национално здружение за МС

*јануари 2026 година*

**Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза – Национално здружение за МС**
ул. Франклин Рузвелт бр. 8/37
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. 071 218 870
msmakedonija@gmail.com
www.msmakedonija.eu.org

* Членки на:
- Европската МС Платформа (анг. European Multiple Sclerosis Platfrom)
- Интернационалната Федерација за МС (Multiple sclerosis Intetrnational Federation)
- Национална Алијанса на пациентски организации (НАПО)
- Светската Алијанса на пациенти (анг. World patient alliance)

# Содржина

**ОПШТИ И ОРГАНИЗАЦИОНИ РАБОТИ......................................................................3**

**КЛУЧНИ ДОКУМЕНТИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО...........................................................................3**

**ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО..............................................................................................4**

**АКТИВНОСТИ, НАСТАНИ И ПРОЕКТИ.............................................................................5**

**РЕДОВНО АЖУРИРАЊЕ НА БАЗАТА НА ПРАВНИ ПРОПИСИ.......................................5**

**ПРАВА И ПОВОЛНОСТИ / ПРЕГЛЕД НА ПОДНЕСЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ ДО ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ДРУГИ ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ ВО 2025 ГОДИНА / ЕДУКАТИВНИ СОДРЖИНИ.............................................................................................................................6**

**ПРЕВОЗ..................................................................................................................................7**

МАЈ - Проектот за поддршка на лица со МС ја освои наградата за Најдобра општествено-одговорна практика...........................................................................8
МАЈ – Работна средба во ФЗОРСМ..........................................................................9
МАЈ – Кампања Светски ден на МС / Митови и факти за мултипла склероза.............10
МАЈ - Одбележан Светскиот ден на МС 2025.............................................................11
МАЈ - Глобална кампања за Светскиот ден на МС.....................................................13
ЈУНИ, ЈУЛИ, АВГУСТ – Обезбедени ортопедски помагала за потребите на лицата со МС и ЈЗУ УКН, Скопје..........................................................................................14
СЕПТЕМВРИ - Форум „Пациентите заслужуваат: терапија без долги патувања и чекање во редици“.................................................................................................15
ОКТОМВРИ - Учество на Националното здружение за МС на 8. Конгрес на Македонското здружение на невролози.....................................................................17
НОЕМВРИ - Настан: „Кога телото си игра против тебе: Разоткривање на мултипла склероза.................................................................................................................18
НОЕМВРИ - Состанок со директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија – Скопје.....................................................................................................................19
НОЕМВРИ - Учество на Букурешки Форум на Организации на пациенти...................20

**ОБЕЗБЕДЕНИ ВЛЕЗНИЦИ ЗА КОНЦЕРТИ И НАСТАНИ...................................................21**

**МС Поткасти.........................................................................................................................22**

**Потпишан меморандум за соработка со Очна Оптика ГЕТАЛДУС АД Скопје..................23**

**ЛОКАЛНА И РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА, ЧЛЕНКИ НА......................................................24**

**СОРАБОТНИЦИ И ПАРТНЕРИ.............................................................................................25**

**Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза – Национално здружение за МС**
ул. Франклин Рузвелт бр. 8/37
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. 071 218 870
msmakedonija@gmail.com
www.msmakedonija.eu.org
* Членки на:
- Европската МС Платформа (анг. European Multiple Sclerosis Platfrom)
- Интернационалната Федерација за МС (Multiple sclerosis Intetrnational Federation)
- Национална Алијанса на пациентски организации (НАПО)
- Светската Алијанса на пациенти (анг. World patient alliance)

## ОПШТИ И ОРГАНИЗАЦИОНИ РАБОТИ

- Националното здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза – Национално здружение за МС е основано на 11 март 2019 година;
- Во 2025 година органите на здружението одржаа состаноци на кои беа усвоени документи, дадоа свој придонес со предлози за регулирање на одредени ситуации кои понатаму резултираа со конкретни активности кои спаѓаат во делокругот на работа на здружението.
- Деветте членови на собранието, тројцата членови на извршниот одбор и претседателот делуваа во рамките на целите и задачите на здружението во насока на остварувањето на интересите и потребите на лицата со МС, а во согласност со Статутот и Програмата за дејствување почитувајќи ја законска регулатива;
- Здружението одржува редовна комуникација и кореспонденција со државните и здравствените чинители, здравствените работници, странки како и со останатиот невладин сектор во нашата држава и странство;
- Работно тело на Здружението е Медицинско / стручниот одбор составен од искусни стручњаци докажани во својата област. Членовите на одборот со своето долгогодишно искуство и знаење даваат придонес во советување, помош, поддршка и имплементација на заеднички проекти, организирање на настани, конференции, подготовка на стручни материјали и консултации за имплементирање на протоколи за третман на мултипла склероза, како и стручна поддршка во креирање на програми, протоколи и стратегии. *https://msmakedonija.eu.org/allcategories-mk-mk/2-uncategorised/83-formiran-medicinski-struchen-odbor-pri-zdruzhenieto*
- Националното здружение за МС заклучно со 31. декември 2025 година брои 475 членови.

## КЛУЧНИ ДОКУМЕНТИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

- Статут *https://msmakedonija.eu.org/wp-content/uploads/2022/01/%D0%A1%D1%82%D0%B0%D1%82%D1%83%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D0%B7%D0%B4%D1%80%D1%83%D0%B6%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%B5%D1%82%D0%BE-%D0%B7%D0%B0-%D0%9C%D0%A1_2022.pdf*
- Програма за дејствување *http://msmakedonija.eu.org/images/Programa_za_dejstvuvanje.pdf*
- Етички кодекс за однесување и соработка со фармацевтската индустрија *https://msmakedonija.eu.org/allcategories-mk-mk/2-uncategorised/31-usvoen-etichki-kodeks-na-odnesuvanje-i-sorabotka-so-farmacevtskata-industrija*
- Потреба од имплементација на регистар на пациенти со мултипла склероза во Република Северна Македонија – ставови и позиција на Националното здружение за МС *https://msmakedonija.eu.org/allcategories-mk-mk/2-uncategorised/35-stavovi-i-pozicija-na-nacionalnoto-zdruzhenie-za-ms-implementacija-na-registar-na-pacienti*
- Документи за заштита на лични податоци https://msmakedonija.eu.org/za-nas/dokumenti-za-zdruzenieto/
- *Сите горespomenати документи се достапни на: https://msmakedonija.eu.org/dokumentite/dokumenti*.

**Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза – Национално здружение за МС**
ул. Франклин Рузвелт бр. 8/37
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. 071 218 870
msmakedonija@gmail.com
www.msmakedonija.eu.org
* Членки на:
- Европската МС Платформа (анг. European Multiple Sclerosis Platfrom)
- Интернационалната Федерација за МС (Multiple sclerosis Intetrnational Federation)
- Национална Алијанса на пациентски организации (НАПО)
- Светската Алијанса на пациенти (анг. World patient alliance)

## ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО

- Во насока на обезбедување едноставен и сеопфатен начин на информирање на лицата со МС, членовите на нивните семејства и негувателите, се потрудивме да сме подостапни со цел крајниот корисник да добие релевантни и корисни информации, соопштенија и едукација за МС, преку глобалната мрежа на алатки и платформи, основно:

  - Официјална Веб страница на здружението https:msmakedonija.eu.org/

  - Facebook fun страна https://www.facebook.com/NacionalnoZdruzenieMS/;
  - YouTube канал https://www.youtube.com/channel/UCZko0X8aE_VMAavu2sKM5-A
  - e-mail: msmakedonija@gmail.com

- На овој начин Здружението одржуваше транспарентност и јавност во работењето. Тимот на Националното здружение за МС неуморно работи во интерес на лицата со МС и членовите на нивните семејства со цел секогаш да обезбеди вредна информација, корисен совет или едукативна содржина.

- Членовите на Здружението исто така телефонски https://msmakedonija.eu.org/kontakt се информираа за активностите кои се одвиваа тековно, како и за сите потребни работи како на пример: информации по однос на мултипла склерозата, информации за терапии, правната регулатива, потребна документација за остварување на конкретни права итн.

**Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза – Национално здружение за МС**
ул. Франклин Рузвелт бр. 8/37
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. 071 218 870
msmakedonija@gmail.com
www.msmakedonija.eu.org
* Членки на:
- Европската МС Платформа (анг. European Multiple Sclerosis Platfrom)
- Интернационалната Федерација за МС (Multiple sclerosis Intetrnational Federation)
- Национална Алијанса на пациентски организации (НАПО)
- Светската Алијанса на пациенти (анг. World patient alliance)

# АКТИВНОСТИ, НАСТАНИ, ПРОЕКТИ

## РЕДОВНО АЖУРИРАЊЕ НА БАЗАТА НА ПРАВНИ ПРОПИСИ

Тим на правници, соработници на Националното здружение за МС редовно врши издвојување и ажурирање на локалните законски прописи (Закони, Правилници, Програми…) во кои се загарантирани и утврдени правата на лицата со мултипла склероза. Целта е да излеземе во пресрет на сите лица кои се соочуваат со ова хронично заболување.

Во насока на исполнување на целта за навремено и сеопфатно информирање на своите членови, Националното здружение за МС континуирано работи и продолжува со ажурирање на базата на правни прописи со најнови измени на сите релевантни акти.

Базата на правни прописи е достапна на официјалната Веб страница на Националното здружение за МС, во делот Милтипла склероза, Закони и прописи и располага со 32 прописа (Закон, Правилник, Уредба и др.).



За било какви прашања околу остварувањето на ова, или било кое друго право, можете да ја искористите правната помош која Здружението им ја обезбедува на своите членови преку проектот „Правна помош и поддршка за лицата со МС" линк , со испраќање на Вашите прашања на e-mail: pravnapomos@msmakedonija.eu.org, што ќе биде дополнителен поттик Националното здружение за МС да продолжи да работи на едукација на своите членови за начините на остварување и заштита на своите права.

Правните прописи се достапни на:
https://msmakedonija.eu.org/multipla-skleroza/zakoni-i-propisi/

## ПРАВА И ПОВОЛНОСТИ

За членовите на здружението, на официјалната веб страница, организиравме и редовно ажурираме катче каде ги сумираме и со еден клик се лесно достапни поволностите и правата на лицата со мултипла склероза. Поделени се на:

- Права кои се обезбедуваат согласно позитивните законски акти, а за чие остварување Националното здружение за МС обезбедува поддршка при остварувањето и
- Поволности кои се обезбедени од Националното здружение за МС.

Правата и поволностите ги имате на официјалната Веб страница на здружението, односно https://msmakedonija.eu.org/za-nas/povolnosti-za-clenovite-na-nzms/

### УСЛУГИ ФИНАНСИРАНИ ОД ЗДРУЖЕНИЕТО

- Психолошка помош и поддршка - во 2025 година одржани **95** индивидуални сеанси.
- Во 2025 година Националното здружение обезбедило правен совет во вкупно **37** случаи од кои: правни совети за спектарот на достапни права–6, правни совети за остварување на права од областа на социјалната заштита–8, правни совети за остварување на права од областа на здравството осигурување-6, правни совети за остварување на права од областа на пензиското и инвалидско осигурување-6, правни совети за остварување на права од областа на образованието-3, равни совети за остварување на права од областа на работните односи-8

### ПРЕГЛЕД НА ПОДНЕСЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ ДО ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ДРУГИ ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ ВО 2025 ГОДИНА

Националното здружение во текот на 2025 година беше активно и на полето на креирање политики со поднесување на барања, сугестии, предлози.

- Изразување благодарност за зголемениот буџет и предлог до ФЗОРСМ за дисперзија на третманот за мултипла склероза;
- Барање до ФЗОРСМ за измени и дополнување на Правилникот за специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување;
- Барање информации од јавен карактер до ЈЗУ УК за Неврологија, Скопје;
- Поддршка и барање за приоретизирање на високоефикасна рерапија во преговорите со ФЗОРСМ, доставено до: ФЗОРСМ, ЈЗУ УКН, Скопје; ЈЗУ Градска општа болница „8-ми септември„-Скопје; ЈЗУ Клиничка болница Штип и ЈЗУ „Св. Еразмо“, Охрид;
- Апел за набавка на апарат за магнетна резонанца за потребите на УК за неврологија - Скопје, доставено до: Министерство за здравства, ФЗОРСМ и ЈЗУ УК за Неврологија - Скопје.

### ЕДУКАТИВНИ СОДРЖИНИ

Во текот на 2025 година на официјалната веб страница беа пласирани **13** вести.
Содржините се достапни на следниот линк: https://msmakedonija.eu.org/najnovi-vesti/

Базата на знаење располага со голем број на едукативни/корисни информации за МС и нуди совети и предлози за лицата со МС, членовите на нивните семејства и негувателите. Во 2025 година Базата на знаење се збогати со **12** нови содржини.
Содржините се достапни тука: https://msmakedonija.eu.org/multipla-skleroza/baza-na-znaenje/

**Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза – Национално здружение за МС**
ул. Франклин Рузвелт бр. 8/37
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. 071 218 870
msmakedonija@gmail.com
www.msmakedonija.eu.org
* Членки на:
- Европската МС Платформа (анг. European Multiple Sclerosis Platfrom)
- Интернационалната Федерација за МС (Multiple sclerosis Intetrnational Federation)
- Национална Алијанса на пациентски организации (НАПО)
- Светската Алијанса на пациенти (анг. World patient alliance)

## ПРЕВОЗ

### БЕСПЛАТЕН ГРАДСКИ ПРЕВОЗ ВО 2025 ГОДИНА ЗА ЛИЦАТА СО МС, ЖИТЕЛИ НА СКОПЈЕ

Согласно Програмата за повластено користење на јавниот градски превоз од страна на лица со попреченост во 2025 година, донесена од Советот на Град Скопје, околу шеесет корисници, членови на Националното здружение за МС, оствариja право на бесплатен годишен градски превоз на ЈСП за 2025 година.

Како и минатата година, така и оваа финансискиот надоместок за изработка на нови песонализирани електронски картички за бесплатен превоз, целосно го финансираше Националното здружение за МС, согласно донесената Одлука од Собранието на Националното здружение (број 0201-35/6 од 28.12.2019 година).



### ПЕРСОНАЛИЗИРАНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КАРТИЧКИ ЗА ПАТАРИНА

Во текот на 2025 година, околу 28 членови на Националното здружение за МС кои поднесоа уредна документација се здобија со правото за ослободување од плаќање надоместок за употреба на јавните патишта (патна такса) и ослободување на своите возила од плаќање патарина, согласно член 65 односно член 66 од Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21 и 3/25).




**Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза – Национално здружение за МС**
ул. Франклин Рузвелт бр. 8/37
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. 071 218 870
msmakedonija@gmail.com
www.msmakedonija.eu.org
* Членки на:
- Европската МС Платформа (анг. European Multiple Sclerosis Platfrom)
- Интернационалната Федерација за МС (Multiple sclerosis Intetrnational Federation)
- Национална Алијанса на пациентски организации (НАПО)
- Светската Алијанса на пациенти (анг. World patient alliance)

## Триумф на хуманоста: Проектот за поддршка на лица со МС ја освои наградата за Најдобра општествено-одговорна практика

Во мај 2025, Семос Едукација го организираше настанот „Ѕвездите на генерацијата 2023/24“ во своите нови простории, каде беше одржана третата по ред церемонија на Semos Academy Awards. На овој настан, покрај доделувањето на стипендии и признанија за најдобрите студенти, беше истакната и важноста на силните партнери во општествено-одговорните практики.

Меѓу признатите партнери се најде и Националното здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза, кое доби награда за „најдобар студентски проект од областа на општествено-одговорни практики (Академија за графички дизајн)“



Дел од постерите:








Целата содржина и останатите постери: https://msmakedonija.eu.org/novosti/ms_proekt_semos/

**Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза – Национално здружение за МС**
ул. Франклин Рузвелт бр. 8/37
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. 071 218 870
msmakedonija@gmail.com
www.msmakedonija.eu.org

* Членки на:
- Европската МС Платформа (анг. European Multiple Sclerosis Platfrom)
- Интернационалната Федерација за МС (Multiple sclerosis Intetrnational Federation)
- Национална Алијанса на пациентски организации (НАПО)
- Светската Алијанса на пациенти (анг. World patient alliance)

**МАЈ** - **Работна средба во ФЗОМ**

Подобра здравствена заштита на лицата со мултипла склероза беше темата на која се дискутираше на средбата на Претседателот на Националното здружение за МС, Ана Карајанова Димитрушева и Директорот на Фондот за здравствено осигурување, Сашо Клековски.

Се разговараше по однос на поголема достапност на терапија за пациентите со мултипла склероза, децантрализирано издавање на терапијата, како и бањската рехабилитација.



Линк: https://www.facebook.com/photo?fbid=122231256314218231&set=a.122108652806218231

**Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза – Национално здружение за МС**
ул. Франклин Рузвелт бр. 8/37
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. 071 218 870
msmakedonija@gmail.com
www.msmakedonija.eu.org

# МАЈ – Кампања Светски ден на МС

## Митови и факти за мултипла склероза

Во текот на месец мај, по повод одбележувањето на Светскиот ден на мултипла склероза, Националното здружение за МС реализираше онлајн кампања во рамки на која беа објавени 15 кратки анимирани видеа на тема „Што е вистина за МС, а што не?“.

Преку разјаснување на најчестите митови и претставување на проверени факти за мултипла склероза, кампањата имаше за цел да ја подигне јавната свесност, да ја намали стигмата и да обезбеди точни информации за болеста, нејзините симптоми и секојдневните предизвици со кои се соочуваат лицата со МС.

Анимираните видеа беа подготвени по однос на петнаесет теми, односно дилеми кои заслиужуваа одговор и подетално разјаснување, односно:

МИТ 1: Само постарите лица развиваат мултипла склероза
МИТ 2: Мултиплата склероза е заразна болест
МИТ 3: Мултипла склероза не предизвикува болка
МИТ 4. Секое лице со мултипла склероза на крајот ќе има потреба од инвалидска количка
МИТ 5: Ќе станам физички инвалид
МИТ 6: Лицата со мултипла склероза не можат да работат
МИТ 7: Лицата со мултипла склероза не можат и не треба да бидат физички активни
МИТ 8: Ако симптомите се незначителни, не требаат лекови
Мит 9: Третманот на мултипла склероза треба да започне со послаби лекови
МИТ 10: Лицата со мултипла склероза не треба да забременат
МИТ 11: Имам мултипла склероза, па и моите деца ќе имаат
МИТ 12: Лицата со мултипла склероза мора да избегнуваат секаков извор на стрес и анксиозност
МИТ 13: Мултипла склероза е секогаш фатална
МИТ 14: Мултиплата склероза не е поврзана со когнитивно оштетување
Мит 15: Не можам ништо да направам за да си помогнам во врска со мултиплата склероза




Содржините се достапни тука: https://msmakedonija.eu.org/multipla-skleroza/mitovi-i-fakti-za-ms/

**Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза – Национално здружение за МС**
ул. Франклин Рузвелт бр. 8/37
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. 071 218 870
msmakedonija@gmail.com
www.msmakedonija.eu.org
* Членки на:
- Европската МС Платформа (анг. European Multiple Sclerosis Platfrom)
- Интернационалната Федерација за МС (Multiple sclerosis Intetrnational Federation)
- Национална Алијанса на пациентски организации (НАПО)
- Светската Алијанса на пациенти (анг. World patient alliance)

Национално здружение за МС

# Одбележан Светскиот ден на МС 2025

**„Пациентите со мултипла склероза бараат пристап до дијагностика и третман без ограничувања“**

По повод Светскиот ден на мултипла склероза, кој секоја година се одбележува на 30 мај, Националното здружение за МС организираше настан (прес конференција) под мотото „*Точната дијагноза го менува животот: глобален повик за рана и прецизна дијагноза на МС*“. На настанот кој се одржа во хотел Панорамика во Скопје, присуствуваа здравствени работници, претставници на институции, пациенти, негуватели и други. Националното здружение за МС со оваа активност се придружи на глобалната иницијатива предводена од Интернационалната МС федерација (MSIF) и над 3 милиони лица кои живеат со МС ширум светот, со цел да се подигне свесноста, да се олесни раниот пристап до дијагностика и третман, и да се подобри животот на сите засегнати од оваа хронична невролошка болест.




Присутните беа информирани дека благодарение на зголемениот условен буџет на ЈЗУ Универзитетската клиника за неврологија Скопје, одобрен од Фондот за здравствено осигурување, оваа година е овозможен третман за поголем број пациенти со МС. Во државава има околу 2.300 лица со МС, секоја година се дијагностицираат 100-120 нови случаи, од кои 700 пациенти се на терапија, а 100 се дел од клинички студии, а на другите не им е потребна терапија или се на алтернативни третмани.

**Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза – Национално здружение за МС**
ул. Франклин Рузвелт бр. 8/37
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. 071 218 870
msmakedonija@gmail.com
www.msmakedonija.eu.org
* Членки на:
- Европската МС Платформа (анг. European Multiple Sclerosis Platfrom)
- Интернационалната Федерација за МС (Multiple sclerosis Intetrnational Federation)
- Национална Алијанса на пациентски организации (НАПО)
- Светската Алијанса на пациенти (анг. World patient alliance)

На настанот присутен се обратија претседателот на Здружението, Ана Карајанова Димитрушева и директорот на Фондот за здравствено осигурување, д-р Сашо Клековски. Тој истакна дека Фондот досега се посветил на зголемување на опфатот со терапија и буџетот за третман со биолошка терапија на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија во Скопје, зголемувајќи го за близу **400 милиони денари** (околу 6,5 милиони евра) во 2025 година, од 250 милиони денари во 2024 година или **зголемување од околу 60%**. Со тоа, нема да има пациенти со МС кои се на листа на чекање за биолошка терапија.

Следни чекори се **децентрализација на терапијата со отворање на нови центри за третман на МС** надвор од Клиниката за неврологија како **ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“, Скопје, ЈЗУ Специјална болница „Свети Еразмо“, Охрид** и **ЈЗУ Клиничка болница – Штип**. Како што спомена директорот, овие институции имаат капацитет и тимови за дијагностика и третман со биолошки лекови.

За бањската рехабилитација, Фондот ќе одобри важност на решенијата од 6 месеци, наместо досегашните 2 месеци. https://www.facebook.com/reel/1954708785330758





И покрај сиие овие придобивки потребна е континуирана посветеност и заедничка работа на полето на подобрување на дијагностичките процедури особени **термини за магнетна резонанца**, **достапност на високоефикасните лекови**, како и **дисперзија на третманот во здравствени установи поблизу до домот на пациентот**.





*Повеќе информации имате на:* https://msmakedonija.eu.org/novosti/svetski_den_na_ms_2025/

**Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза – Национално здружение за МС**
ул. Франклин Рузвелт бр. 8/37
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. 071 218 870
msmakedonija@gmail.com
www.msmakedonija.eu.org
* Членки на:
- Европската МС Платформа (анг. European Multiple Sclerosis Platfrom)
- Интернационалната Федерација за МС (Multiple sclerosis Intetrnational Federation)
- Национална Алијанса на пациентски организации (НАПО)
- Светската Алијанса на пациенти (анг. World patient alliance)

## Глобална кампања за Светскиот ден на МС

Настаните и кампањите во рамки на Светскиот ден на МС се одржуваат во текот на месец мај во скоро 100-тина земји ширум светот. Дел од членовите на Националното здружение за МС, оваа година, се вклучија во глобалната кампања за одбележување на Сверскиот ден на МС 2025.

Создадоа персонализиран постер и го споделија своето патување со дијагнозата - од првите симптоми на мултипла склероза до сите пречки со кои се соочуваат.
Постерот служи за да се подигне свеста и помогне на другите да разберат како е да ви биде дијагностицирана мултипла склероза.

Ова е едноставен начин луѓето со МС да го споделат своето искуство со дијагнозата.



















Повеќе на: **https://worldmsday.org/** #WorldMSDay #MyMSDiagnosis Multiple Sclerosis International Federation World Multiple Sclerosis (MS) Day

**Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза – Национално здружение за МС**
ул. Франклин Рузвелт бр. 8/37
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. 071 218 870
msmakedonija@gmail.com
www.msmakedonija.eu.org

* Членки на:
- Европската МС Платформа (анг. European Multiple Sclerosis Platfrom)
- Интернационалната Федерација за МС (Multiple sclerosis Intetrnational Federation)
- Национална Алијанса на пациентски организации (НАПО)
- Светската Алијанса на пациенти (анг. World patient alliance)

## ЈУНИ, ЈУЛИ, АВГУСТ

## Националното здружение за МС во соработка со Lētz Care a.s.b.l. обезбеди ортопедски помагала за лицата со МС и ЈЗУ УК за Неврологија, Скопје

### Хуманитарен гест ја зајакнува независноста

Националното здружение за мултипла склероза со гордост објавува дека, благодарение на плодната меѓународна соработка со хуманитарната организација Lētz Care a.s.b.l. од Луксембург, обезбедена е значајна донација на висококвалитетни ортопедски и помошни помагала за потребите на лицата со МС.

Оваа иницијатива претставува директна поддршка за оние кои се соочуваат со предизвиците на намалената подвижност, која е чест симптом на мултипла склерозата. Донираните помагала, кои вклучуваат инвалидски колички и ролатори, се од клучно значење за подобрување на квалитетот на животот на пациентите.

Националното здружение изразува огромна благодарност до **Lētz Care a.s.b.l., Delamonde Macedonia и Мондано**, за нивната великодушност и верување во мисијата на здружението. Овој хуманитарен чин е потсетник за сите надлежни институции за континуираната потреба од системско решавање на прашањето за ортопедските помагала, со цел секој граѓанин со МС да добие навремена и адекватна поддршка.

**Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза – Национално здружение за МС**
ул. Франклин Рузвелт бр. 8/37
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. 071 218 870
msmakedonija@gmail.com
www.msmakedonija.eu.org
* Членки на:
- Европската МС Платформа (анг. European Multiple Sclerosis Platfrom)
- Интернационалната Федерација за МС (Multiple sclerosis Intetrnational Federation)
- Национална Алијанса на пациентски организации (НАПО)
- Светската Алијанса на пациенти (анг. World patient alliance)

Во рамки на оваа донација, во 2025 година обезбедивме 11 инвалидски колички и 17 ролатори за членовите на Националното здружение за МС, додека 4 колички беа диставени на ЈЗУ Универзитетска Клиника за Неврологија.











## Идни чекори и инклузивност

Националното Здружение за МС продолжува со редовните активности, како и дејствување во изнаоѓање решенија во насока на целосно задоволување на интересите и потребите на лицата со МС, а својата работа ја темели на обезбедување најдобри услуги и третман за своите членови.

**Со оваа донација, ние не само што им обезбедуваме помагала на нашите членови, туку испраќаме силна порака: Заедно сме посилни во борбата за инклузивно општество и подобар живот за сите лица со мултипла склероза!**

Линк: https://msmakedonija.eu.org/novosti/ms_sorabotka_letz-care-a-s-b-l/

## СЕПТЕМВРИ

### Форум „Пациентите заслужуваат: терапија без долги патувања и чекање во редици“



Претставници на пациентски здруженија, лекари, директори на универзитетски клиники и директорот на Фондот за здравствено осигурување дискутираа за децентрализација на здравствената грижа и потребата здравствените услуги да се приближат до пациентите.

Пациентите со хронични заболувања, како МС и малигни болести, во моментов можат да ја добијат својата терапија исклучиво на УК во Скопје, што предизвикува финансиско оптоварување, потреба од патување за придружник, отсуство под работа и оптоварување на здравствениот персонал.

**Директорот на ФЗО, д-р Сашо Клековски, нагласи дека децентрализираната грижа треба да се сфати како „нормална“ грижа и дека модел каде терапијата се прима во локалните центри е изводлив и неопходен**.





*Повеќе информации имате на: https://msmakedonija.eu.org/novosti/soopstenie/*

**Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза – Национално здружение за МС**
ул. Франклин Рузвелт бр. 8/37
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. 071 218 870
msmakedonija@gmail.com
www.msmakedonija.eu.org
* Членки на:
- Европската МС Платформа (анг. European Multiple Sclerosis Platfrom)
- Интернационалната Федерација за МС (Multiple sclerosis Intetrnational Federation)
- Национална Алијанса на пациентски организации (НАПО)
- Светската Алијанса на пациенти (анг. World patient alliance)

## ОКТОМВРИ

**Учество на Националното здружение за МС на 8. Конгрес на Македонското здружение на невролози**

Од 9. до 12. октомври 2025 година, во Охрид се одржа 8. Конгрес на Македонското здружение на невролози, под наслов „**Од теорија до терапија**“ кој ги обедини водечките невролози од Македонија и регионот.




Националното здружение за МС учествуваше на Конгресот со презентација на 2 абстракти (е-постери), засновани на истражувања насочени кон пациентите и застапување за подобра и поквалитетна грижа.

**Постер 1**: **„Пациентски искуства во поддршка на децентрализиран пристап до терапија во Македонија“**

Актуелниот централизиран модел за третман на МС создава значителни логистички, физички и финансиски оптоварувања за пациентите и нивните негуватели.

**Заклучок**: децентрализираниот пристап до терапијата претставува значајна можност за подобрување на исходите и квалитетот на живот на пациентите.

**Постер 2**: **„Искуство при дијагностицирање на МС во Македонија“**

Ова истражување укажува на значителни одложувања и празнини во процесот на дијагностицирање и лекување на мултипла склероза во Северна Македонија.

**Заклучок**: подобрувањето на системот за упатување, раната детекција на симптомите и проширувањето на пристапот до навремено лекување се клучни за подобрување на исходите кај лицата со мултипла склероза.





*Подетално информирајте се на:* https://msmakedonija.eu.org/novosti/kongres_nevrologija_ms/

**Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза – Национално здружение за МС**
ул. Франклин Рузвелт бр. 8/37
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. 071 218 870
msmakedonija@gmail.com
www.msmakedonija.eu.org
* Членки на:
- Европската МС Платформа (анг. European Multiple Sclerosis Platfrom)
- Интернационалната Федерација за МС (Multiple sclerosis Intetrnational Federation)
- Национална Алијанса на пациентски организации (НАПО)
- Светската Алијанса на пациенти (анг. World patient alliance)

## НОЕМВРИ

**Настан: „Кога телото си игра против тебе: Разоткривање на мултипла склероза“**

На 3 ноември 2025 година, во амфитеатарот на Институтот за судска медицина, Скопје, при Медицински Факултет Скопје, се одржа едукативниот настан насловен **„Кога телото си игра против тебе: Разоткривање на мултипла склероза“**. Настанот, во организација на Националното здружение за МС во соработка со Македонската Медицинска Студентска Асоцијација (ММСА), се одржа со цел да се подигне свеста и интересот на идните доктори за оваа болест и приближување до искуствата што ги преживуваат пациентите со мултипла склероза (МС).

Овој едукативен интерактивен настан понуди јасни, научно засновани информации за МС, и отвори простор за разговор за првите симптоми, раната дијагноза и животот со ова хронично заболување. Ова е особено значајно за студентите по медицина, младите здравствени професионалци и сите кои сакаат подобро да ја разберат оваа комплексна состојба.








**Зошто се важни овие едукативни настани?**

- Зајакнува свесност за МС како комплексно невролошко заболување;
- Ги поврзува студентите со клиничката пракса и искуството на пациентите;
- Поттикнува разбирање, емпатија и рано препознавање на симптомите;
- Отвора дијалог за пристапност, поддршка и квалитет на животот на лицата со МС

**Соединувањето на науката, пациентското искуство и емпатијата е клуч кон подобра грижа за лицата со мултипла склероза.**

Подетано на: https://msmakedonija.eu.org/novosti/ms_aktivnosti/

Национално здружение за МС

## Состанок со директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија - Скопје

На 11.11.2025 година претставници на Националното здружение за МС остварија работен состанок со директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија-Скопје, Асс. д-р Јован Божиновски, како и со главната сестра на клиниката мед. сестра Гордана Димеска.

На состанокот беа разговарани актуелните предизвици во пристапот до невролошки услуги, тековните потреби на пациентите со мултипла склероза, како и заедничките можности за унапредување на квалитетот на здравствената грижа.



Главните теми на разговор опфатија:

- Набавка на апарат за магнетна резонанца (МР)
- Регистар на пациенти со мултипла склероза
- Пристап до високоефикасни терапии

Националното здружение изрази благодарност за поддршката, за отвореноста за соработка и за подготвеноста за унапредување на услугите на Клиниката во интерес на пациентите. Директорот ја истакна подготвеноста на Клиниката за партнерски пристап со здружението, со цел да се обезбеди поквалитетна, поефикасна и постапна грижа за лицата со мултипла склероза.

Двете страни се согласија да воспостават редовна комуникација, заеднички координативни состаноци и план за следни чекори, со цел долгорочно унапредување на услугите за невролошките пациенти во државата.

Повеќе информации: https://msmakedonija.eu.org/novosti/sostanok_klinika_za_nevrologija/

## Учество на Букурешки Форум на Организации на Пациенти

Претставници на Националното здружение за мултипла склероза имаа чест да учествуваат на Европскиот Форум на Здруженија на Пациенти кој се одржа во ноември 2025 г. во Букурешт, а чиј домаќин беше Asociația CREDU. Овој клучен настан ги собра организациите на пациенти од 9 земји (Романија, Бугарија, Литванија, Грција, Северна Македонија, Латвија, Косово, Албанија, Босна и Херцеговина) во дискусии за **Општествената Вредност на Иновациите.**



Слушајќи ги водечките европски експерти, добивме нова перспектива дека иновацијата во здравството треба да се мери не само според клиничките резултати; туку дека нејзината целосна вредност го вклучува и позитивното влијание врз квалитетот на животот на пациентите, благосостојбата на заедницата, економската продуктивност и отпорноста на здравствениот систем. Ова е клучна промена на пристапот кон инвестирање во здравството и иновациите.






Линк: https://msmakedonija.eu.org/novosti/bukurest_ms/

**Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза – Национално здружение за МС**
ул. Франклин Рузвелт бр. 8/37
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. 071 218 870
msmakedonija@gmail.com
www.msmakedonija.eu.org
* Членки на:
- Европската МС Платформа (анг. European Multiple Sclerosis Platfrom)
- Интернационалната Федерација за МС (Multiple sclerosis Intetrnational Federation)
- Национална Алијанса на пациентски организации (НАПО)
- Светската Алијанса на пациенти (анг. World patient alliance)

## ОБЕЗБЕДЕНИ ВЛЕЗНИЦИ ЗА КОНЦЕРТИ И НАСТАНИ

Во соработка со организациските тимови / продукциските куќи, обезбедивме билети за неколку настани / концерти за лицата со МС, членови на Националното здружение за МС.

Билети беа обезбедени и за еден придружник.













**Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза – Национално здружение за МС**
ул. Франклин Рузвелт бр. 8/37
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. 071 218 870
msmakedonija@gmail.com
www.msmakedonija.eu.org
* Членки на:
- Европската МС Платформа (анг. European Multiple Sclerosis Platfrom)
- Интернационалната Федерација за МС (Multiple sclerosis Intetrnational Federation)
- Национална Алијанса на пациентски организации (НАПО)
- Светската Алијанса на пациенти (анг. World patient alliance)

# МС Поткасти

Со оглед дека секогаш ги имаме во фокус потребите на лицата со мултипла склероза и со цел секогаш да ви понудиме нови, актуелни и воедно едукативни содржини за МС, создадовме рубрика „МС Поткасти“, кои убедени сме дека ќе ви бидат од особена корист. Темите се внимателно одбрани, а соговорнивите високопрофесионални лица во својата струка, како и лица кои можат да споделат корисни и охрабрувачки совети..

**Важноста на правната информација за лицата со хронични болести**

Гостин во поткастот е адвокат Василчо Илијев (соработник на Националното здружение за МС) кој подетално зборува за правната помош, како услуга на здружението, едукативните видеа со цел добивање релевантрни сознанија за остварување на своите правата од секоја сфера (туѓа нега, лична асистенција, помош и нега во домот, вработување, образование, дискриминацијата итн.).



Поткастот е достапен на следниот линк:

https://msmakedonija.eu.org/podcast/vaznosta-na-pravnata-informacija-za-licata-so-hronicni-bolesti/

**Бременост при мултипла склероза**

Во овој поткаст ќе разговгараме на темата Бременост при мултипла склероза со Научен соработник д-р Слободанка Саздова Бурнеска.
Во овој Поткаст ќе можете подетално да слушнете за: Влијанието на бременоста врз жените со МС и на плодот, користењето на третманите за модифицирање на МС, безбедното доење и многу повеќе…

Поткастот е достапен на следниот линк:

https://msmakedonija.eu.org/podcast/bremenost-pri-ms/



**Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза – Национално здружение за МС**
ул. Франклин Рузвелт бр. 8/37
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. 071 218 870
msmakedonija@gmail.com
www.msmakedonija.eu.org
* Членки на:
- Европската МС Платформа (анг. European Multiple Sclerosis Platfrom)
- Интернационалната Федерација за МС (Multiple sclerosis Intetrnational Federation)
- Национална Алијанса на пациентски организации (НАПО)
- Светската Алијанса на пациенти (анг. World patient alliance)

## Мултипла склероза за почетници

Во овој поткаст разговграраме на темата “Мултипла склероза за почетници” со главна медицинска сестра на УКН Гордана Димеска. Темата е избрана со цел да се посвети внимание на новодијагностицираните со мултипла склероза . Подетално се посветивме на следните теми: што претставува МС, типови, симптоми, третмански опции, влијанието на МС итн…



Поткастот е достапен на следниот линк:

https://msmakedonija.eu.org/podcast/ms-za-pocetnici/

# ОСТВАРЕНИ СОРАБОТКИ

## Потпишан меморандум за соработка со Очна Оптика ГЕТАЛДУС АД Скопје

Ни претставува посебна чест да ви ја обзнаниме воспоставената соработка и потпишаниот меморандум помеѓу Националното здружение на МС и најголемата и најстара компанија во областа на очната оптика во Македонија – Очна Оптика ГЕТАЛДУС АД Скопје.

Што ќе користат членовите на Нациналното здружение за МС?

Членовите на Националното здружение за МС ќе можат производите на Очна Оптика ГЕТАЛДУС (оптички рамки, стакла, очила за сонце) да ги купуваат со 10% попуст на крајниот износ и воедно бесплатен очен преглед при купување производ/и од нивниот широк асортиман.

Националното здружение за МС секогаш настојува да обезбеди најразлични услуги и продукти кои ги нуди на своите членови, токму поради различните потреби и можности на лицата со МС, додека меморандумот претставува документ кој сведочи за уште една успешно реализирана соработка.

Детално имате на: https://msmakedonija.eu.org/novosti/memorandum-getaldus/

**Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза – Национално здружение за МС**
ул. Франклин Рузвелт бр. 8/37
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. 071 218 870
msmakedonija@gmail.com
www.msmakedonija.eu.org
* Членки на:
- Европската МС Платформа (анг. European Multiple Sclerosis Platfrom)
- Интернационалната Федерација за МС (Multiple sclerosis Intetrnational Federation)
- Национална Алијанса на пациентски организации (НАПО)
- Светската Алијанса на пациенти (анг. World patient alliance)

## ЛОКАЛНА СОРАБОТКА

Националното здружение за мултипла склероза секојдневно е во контакт со повеќе организации кои работат во интерес на пациентите. Иако секое од здруженијата делува и е посветено на одредена здравствена состојба, сепак размената на различни искуства и помош е секогаш добредојдена.

## РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА

Националното здружение за МС соработуваше со Здруженијата од соседството во насока на размена на знаења, искуства и позитивни практики и совети по однос на претстојни проекти, заеднички семинари и обуки, понатаму идентификација на проблемите и заедничко делување заради нивно надминување, натамошен развој и подигнување на соработката, и тоа со: Društvo Multiple Skleroze Srbije (Сојуз за мултипла склероза од Србија); MS Platforma Srbije (МС Платформа Србија); Savez Društava Multiple Skleroze Hrvatska (Сојуз на Здруженија за мултипла склероза во Хрватска).

*Повеќе информации на:*
*https://msmakedonija.eu.org/allcategories-mk-mk/2-uncategorised/71-prva-regionalna-sorabotka-na-nacionalnoto-zdruzhenie-za-ms,*
*https://msmakedonija.eu.org/allcategories-mk-mk/2-uncategorised/72-ostvarena-ushte-edna-regionalna-sorabotka.*

## Националното здружеие за МС е член на:

**Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза – Национално здружение за МС**
ул. Франклин Рузвелт бр. 8/37
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. 071 218 870
msmakedonija@gmail.com
www.msmakedonija.eu.org
* Членки на:
- Европската МС Платформа (анг. European Multiple Sclerosis Platfrom)
- Интернационалната Федерација за МС (Multiple sclerosis Intetrnational Federation)
- Национална Алијанса на пациентски организации (НАПО)
- Светската Алијанса на пациенти (анг. World patient alliance)

## НАШИ СОРАБОТНИЦИ И ПАРТНЕРИ

Нашите активности и проекти се реализирани со помош и поддршка на:

НАЦИОНАЛНО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПОМОШ И
ПОДДРШКА НА ЛИЦА СО МУЛТИПЛА СКЛЕРОЗА
– НАЦИОНАЛНО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА МС

Претседател,
Ана Карајанова Димитрушева